***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

***Број 1503-115/1***
***Скопје, 23.01.2006 година***

**До: Министерот на Министерството за економија на Република Македонија**

**Од: Помошник главен државен ревизор,**

**Предмет: Вршење на ревизија на успешност на изворите и користење на средствата за купување/изградба на лабораторија за метрологија - Биро за метрологија при Министерството за економија на РМ**

Ова известување претставува наш Конечен извештај за извршената ревизија на успешност.

Овој извештај се однесува на активностите и состојбите поврзани со изворите и користење на средствата за купување/изградба на лаборатории на Министерството за економија на РМ. Временската рамка во која се случувале настаните поврзани со активностите за купување/изградба на лабораторија за метрологија во Министерството за економија на РМ, како и тековното користење на средствата предвидени за оваа намена се однесува на периодот од 2004 и тековно во 2005 година до 15.07.2005 година.

До Министерот на Министерството за економија на РМ, Државниот завод за ревизија на Република Македонија издаде Претходен извештај на Овластениот Државен Ревизор. Согласно законски дадената можност, Министерот на Министерството за економија на РМ до Државниот завод за ревизија достави мислење и сугестии во пишана форма под бр. 09 – 665/3 на Претходниот извештај кои ревизорите ги разгледаа и заклучија дека не претставуваат забелешки туку објаснувања и коментари дадени на секој наод поодело. На ден 10.11.2005 година во просториите на Министерството за економија на РМ беше одржана и завршна средба во врска со разгледување и дополнителни објаснувања по основ на изнесените ревизорски наоди во Претходниот извештај и доставените мислења и сугестии од Министерството до Државниот завод за ревизија. На оваа средба се разгледаа наодите од Претходниот извештај, се дадоа објаснувања и дополнителна документација поврзана со наодите и се заседоа ставови содржани во овој Конечен извештај. Министерот на Министерството за економија на РМ поднесе потпишана писмена изјава за намерите и роковите за спроведување на тие намери по дадените препораки за секој наод поединечно. Оваа изјава е дадена како интегрален дел на Конечниот извештај како Прилог 3.

Основните наши препораки се однесуваа на преземање активности со кои Министерството ќе ги утврди степенот на довршеност на деловниот простор кој ќе ја обавува функцијата на лаборатории со цел реално, објективно и точно да ја искаже нивната вредност во своите евиденции, како и да воспостави пишани процедури за обврските, задачите и информирањето за реализацијата на оваа активност.

Со прифаќање и преземање на препораките од страна на Министерството дадени по Претходниот извештај на Овластениот државен ревизор како и дадената изјава од Министерот, сметаме дека Министерството за економија на РМ

позитивно пристапи по дадените наоди и презеде мерки за нивно отстранување. Преземенените мерки по дадените препораки претставуваат основа за корекција на дел од презентираните ревизорски наоди во Конечниот извештај. Сметаме дека нашето мислење позитивно ќе придонесе при понатамошно користење на овие средства или на други средства од други извори и за слични или други намени, во функција на обезбедување на исправност и законитост кај Министерството за економија на РМ по прашања кои се однесуваат на посочената активност, како и евентуални заштеди кај одредени трошоци.

Во продолжение, поединечно за секоја препорака дадена во Претходниот извештај, наведени се ставовите на Министерот на Министерството за економија на РМ за намерите и преземените мерки во однос на препораките од Претходниот извештај дадени со потпишана писмена изјава бр. 14 – 6914/3 од 08.12.2005 година до Државниот завод за ревизија како и писмено известување бр. 14 – 6914/4 од 27.12.2005 година.

Во однос на ревизорските наоди од 1 до 4, препораките во целост се прифатени и се спроведени следните активности:

По наодот бр. 1. Министерството за економија на РМ "постапи по дадените препораки, односно презема повеќе активности за обезбедување на стручен надзор за технички преглед на деловниот објект". Имено, Министерството за економија на РМ со писмено барање се обратило до Градежен институт Македонија АД Скопје под бр. 14 – 7374 од 19.10.2005 година кој како независен надзорен орган ќе го утврди степенот и квалитетот на извршените работи. Надзорот е извршен по што е издадено мислење под бр. 7033/4 од 14.11.2005 година (поднесена фотокопија од документот во прилог).;

По наодот бр. 2 од Претходниот извештај и препораката по овој наод Министерството за економија на РМ, Анекс договорот со кој се опфатени дополнително извршените работи го доставило до Бирото за метрологија, Секторот за правни работи, Министерството за финасии на РМ – Управа за имотно правни работи, Секретаријатот за законодавство при Владата на РМ, Јавното Правобранителство на РМ по кое е добиено правно мислење дека "нема правни пречки за склучување на Анекс договор" (прилог фотокопија на доставени и добиени документи).

Со исполнување на препораките по наодите бр. 1 и 2, Министерот смета дека нема пречки деловниот простор и неговото опремување да се дефинираат "дека се наоѓаат во завршна фаза односно остварени се услови за нивно ставање во функција".

По основ на наодот бр. 4 како и препораката по овој наод Министерството за економија на РМ во прилог на документацијата доставена до ДЗР, обезбедило изјава бр. 02/2 – 8144/1 од 14.11.2005 година дадена од страна на КГМ како продавач на деловниот простор со која КГМ потврдува дека предметната недвижност не е финансиски оптоварена со никакви побарувања и обврски од УЦВП како претходен купувач на истиот простор.

Оценка на Министерството е "дека во однос на купувањето и опремувањето на предметната недвижност, Министерството ги превзело сите потребни мерки и активности кое преставува основа дека се создадени просторни услови на национални и независни лаборатории за контрола на квалитетот на производите според техничката и друга регулатива на Европската Унија".

Министерството за економија на РМ со писмо бр. 14 – 8474/1 од 28.11.2005 година се обратило до Собрание на Град Скопје со барање за проценка на недвижниот имот со цел реално, објективно и точно да ја искаже вредноста на истиот по склучување на Анекс договорот за дополнителните работи како и даночните обврски по основ на промет на недвижности.

На крајот од изјавата, Министерот за економија на РМ ја изразува својата благодарност за соработката до ревизорската екипа.

На ден 27.12.2005 година до Државниот завод за ревизија, Министерството за економија достави писмено известување бр. 14 – 6914/4 од 23.12.2005 година со прилог документи и тоа:

- Заклучок на Влада на РМ со кој е дадена согласност за склучување на на Анекс договорот кон основниот договор за купопродажба на недвижност бр. 14 – 3869/10 од 19.12.2005 година.
- Анекс договор склучен помеѓу двете страни.
- Записник за примопредавање на деловните простории од 22.12.2005 година изготвен од Директорот на Бирото за метрологија во кој се потврдува дека предметниот деловен простор е оформен, опремен и може да се стави во функција.
- Фактура за исплата од КГМ до Минситерството за економија на РМ за вредноста на дополнителните работи согласно Анекс договорот.
- Решение за исплата донесено од Министерот на Министерството за економија на РМ бр. 14 – 3869/14 од 23.12.2005 година за исплата на средства за купопродажба на недвижен имот – административен простор и лаборатории -.

Во периодот на преземање мерки и постапување по препораките на ревизијата од страна на Министерството за економија, ревизорите обезбедија дополнителна документација во врска со ревизорскиот наод бр. 4 од Претходниот извештај. Документацијата е во прилог на добивање на уверување за расчистување на претходната состојба на заеднички вложувања во опишаната недвижност од страна на КГМ и УЦВП. Имено, со склучување на спогодба за раскинување на договорите и анексите кон договорите за заеднички вложувања меѓу КГМ и УЦВП бр. 03 – 3765 од 09.09.2004 година, отстапено е правото на КГМ да најде заинтересиран купувач за предметната недвижност со кој ќе потпише купопродажен договор. Оваа одредба во Спогодбата е исполнета со потпишување на купопродажниот договор меѓу КГМ и Министерството за финасии на РМ бр. 19 - 23502/1 од 29.09.2004 година.

Согласно Законот за државната ревизија член 27 став 5 на Конечниот извештај за извршената ревизија, законскиот застапник и одговорното лице на Министерството за економија на РМ за периодот за кој е вршена ревизијата имаат право да поднесат приговор во писмена форма, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на овој Конечен извештај. Ако раководството на субјектот се сложи со наодите или препораките, одговорот треба да ја содржи согласноста и планот со мерки за исправка на недостатоците утврдени во извештајот.

Истовремено, Ви благодариме за соработката од ваша страна кон нашата екипа во текот на ревизијата.

Приговорот можете да го доставите на следната адреса:

Државен завод за ревизија
Палата Македонија
“Маршал Тито“ 12/3
Скопје

**Тања Тасевска**

**Скопје, 18.01.2006 година** **Овластен државен ревизор**